# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 8 * година IX* 23.06.2014 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, јуни 2014 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.06.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 89 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13) Советот на Општина Карпош, на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош**

I. Се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/14) со новите градежни парцели за отуѓување со јавно наддавање ГП 4.20, ГП 4.21, ГП 4.22, ГП4.23, ГП 4.24, ГП 4.25, ГП 4.26 и ГП 4.27 – согласно ДУП (изменување и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности и ГП 3.6 – согласно ДУП Измени и дополнување на ДУП Криви Дол дел од блок 2 и дел од Блок 3, дадени во табеларниот преглед на градежни парцели кој е составен дел на оваа Програма.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карош“.

**Број 07-4147/3**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ

| ред.бр. | Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење(м2) | Макс.имална изградена површина(м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Злокуќани | 4.20 | 889/1 | Б2 | 2038 | 1150 | 4600 | 56.43 | 2.26 | 14 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |
| 2 | Злокуќани | 4.21 | 889/1 | Б2 | 1380 | 818 | 3273 | 59.30 | 2.37 | 14 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |
| 3 | Злокуќани | 4.22 | 889/1 | Б2 | 882 | 642 | 2568 | 72.81 | 2.91 | 14 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |
| 4 | Злокуќани | 4.23 | 889/1 | Б2 | 1009 | 635 | 2542 | 62.98 | 2.52 | 14 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |
| 5 | Злокуќани | 4.24 | 889/1 | Б2 | 1043 | 670 | 2680 | 64.23 | 2,57 | 14 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |
| 6 | Злокуќани | 4.25 | 889/1 | Б2 | 230 | 212 | 423 | 92.23 | 1,84 | 8 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |
| 7 | Злокуќани | 4.26 | 889/1 | Б2 | 230 | 195 | 390 | 85.01 | 1,70 | 8 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Злокуќани | 4.27 | 889/1 | Б2 | 230 | 213 | 425 | 92.<br>59 | 1,85 | 8 | ДУП (измени и дополнување) Злокуќани дел од блок 5 деловни и сервисни дејности |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Криви Дол | 3.6 | 405/1 | А1 | 498 | 306 | 1222 | 61 | 2,5 | 10.2 | ДУП Изменување и дополнување на ДУП Криви Дол дел од блок 2 и дел од блок 3 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2014 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2014 година, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/2**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2014 година**

I.Во Програмата за дејноста спорт за 2014 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.13/2013), во Глава III. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ, во точка 1. Активност/Настан: Училишни спортски лиги Карпош 2014, делот: Награди, се менува и гласи:

„Пехари и медали за освоено 1, 2 и 3 место. За најдобрите индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски лиги предвидени се парични награди во висина од 6.000,00 денари - за 10 ученици. Исто така парични награди се предвидени и за професорите-тренери во училишните спортски лиги: за освоено I место 10.000,00 денари – за 3 наставници (фудбал, кошарка, одбојка), за освоено II место 7.000,00 денари – за 3 наставници (фудбал, кошарка, одбојка)и за освоено III место 6.000,00 денари – за 3 наставници (фудбал, кошарка, одбојка).“

II. Во главата III ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ, точката 5 се менува и дополнува со дел ПАРИЧНИ НАГРАДИ ЗА ПОБЕДНИКОТ ВО МЛАДИНСКОТО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО КОШАРКА У-20.
Во истата глава, точката 5 се менува и гласи:
„ПОДРШКА И ПОМОШ НА СПОРТИСТИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД СПОРТОТ И ПАРИЧНИ НАГРАДИ ЗА ПОБЕДНИКОТ ВО МЛАДИНСКОТО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО КОШАРКА У-20 “

III. Во Главата III, во точка 5 се додава делот „Трошоци“кој гласи:
„Финансиска поддршка и помош на спортисти, спортски клубови, спортски институции и невладини спортски организации за организирање на проекти од спортот кои не се опфатени со оваа програма.
Општина Карпош ќе додели награди за екипата која ќе победи во Младинското државно првенство во кошарка М-20 и тоа:

- За сите играчи од кошаркарскиот тим по 10.000,00 денари со пресметан пресонален данок на доход.
- За претседателот на тимот 10.000,00 денари со пресметан персонален данок на доход.
- За двајца тренери поединечно по 10.000,00 денари со пресметан персонален данок на доход.
- За прогласениот најдобар играч во лигата 15.000,00 денари со пресметан персонален данок на доход.“

IV.Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-4147/4**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вкопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.599 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр599 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/3**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.599 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-9899 од 05.09.2011 година, на Татјана Зафирова ул.„Драгиша Мишовиќ“бр.4-40 од Скопје, за објект на КП бр.599 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-4147/5** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**20.06.2014 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/4**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 50, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Советот на Општина Карпош на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува издавањето под закуп на училишни спортски сали и другиот простор во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош:

- ООУ „Аврам Писевски“-Бардовци
- ООУ „Братство“
- ООУ „Вера Цириври-Трена“
- ООУ „Владо Тасевски“
- ООУ „Димо Хаџи Димов“
- ООУ „Јан Амос Коменски“
- ООУ „Лазо Трповски“
- ООУ „Петар Поп Арсов“
- ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“’

Училишни спортски сали и другиот простор, предмет на издавање под закуп од став 1 на овој член ќе се издаваат за периодот од една учебна година 2014/2015.

**Член 2**

Постапката за издавање под закуп на училишни спортски сали и другиот простор (холови и училници) во основните училишта од подрачјето на Општината, ќе ја спроведе Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, по предходно утврдени критериуми од страна на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош.

**Член 3**

Висината на закупнината изнесува:

- за закуп на училишен хол 3 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата

- за закуп на училница 5 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата и
- за закуп на училишна спортска сала 10 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Средствата од закупнината се наменети за потребите на Општинските основни училишта.

**Член 4**

Издавањето на училишните спортски сали и другиот простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош се врши преку јавен оглас кој се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 5**

Училишната спортска сала во општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ нема да биде предмет на издавање на основа на оваа одлука.
Истата ќе биде одстапена без надомест на користење на Кошаркашкиот клуб „КАРПОШ СОКОЛИ – 2000“.

**Член 6**

Кошаркарскиот клуб Водњански лисици се ослободува од плаќање надомест за користење на термините во училишните спортски сали во ООУ „Владо Тасевски“ и ООУ „Петар Поп Арсов“.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-4147/6**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање под закуп на училишен простор во општинските основни училишта во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање под закуп на училишен простор во општинските основни училишта во Општина Карпош, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/5**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013), Советот на Општина Карпош, на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година , донесе

## ОДЛУКА
## за давање под закуп на училишен простор во општинските основни училишта во Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите за стекнување на средства од давање под закуп на дел од училишниот простор во општинските основни училишта чиј основач е Општина Карпош (во натамошниот текст: основни училишта), како и начинот на распределба на средствата остварени по тој основ.

### Член 2

Под училишен простор, во смисла на оваа одлука се подразбира просторот чиј корисник е основното училиште, а се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела (дворното место).

### Член 3

Основните училишта училишниот простор можат да го даваат под закуп под услови и на начин утврден со закон, оваа одлука и статутот на училиштето.

### Член 4

Училишниот простор може да се дава под закуп на правни и физички лица за определен период, во определени термини (по час), или по квадратен метар.

### Член 5

Предмет на давање под закуп се училишни кујни, трпезарии и други помошни простории (магацини) за подготовка на топол оброк и ужинки во општинските основните училишта на подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- ООУ Вера Циривири-Трена,
- ООУ Јан Амос Коменски и
- ООУ Христијан Тодоровски Карпош.

### Член 6

Училишните кујни може да се дадат под закуп само доколку :

- просторот, во времетраењето–терминот на издавањето, не е во функција на воспитно образовниот процес или издавањето не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно образовниот процес,
- употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како на лицата што ќе го користат закупениот простор,
- намената заради која се издава просторот, не доведува до негово оштетување.

**Член 7**

Училишниот простор се дава под закуп со јавно наддавање или со постапка за прибирање на понуди, врз основа на одлука на училишниот одбор.

Одлуката од став (1) на овој член содржи особено:

- дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се издава под закуп,
- намената за која просторот ќе се дава,
- времетраењето и начинот на издавање ( по м2)
- констатација дека употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците и на квалитетот на воспитно образовниот процес,
- рамка висината на закупнината,
- други прашања во врска со издавањето.

Одлуката од став 1 на овој член пред нејзино огласување подлежи на согласност од градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 8**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува комисија формирана од училишниот одбор.

**Член 9**

За просторот или за терминот на давањето на просторот, предмет на закупот, училиштетот и закупецот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
Договор за закуп особено содржи:

- страни на договорот,
- предмет на договорот,
- намената за која се дава просторот,
- времетраење на закупот,
- цена (по м2 или по час) и начин на плаќање,
- обврски на ззакупецот согласно намената на просторот,
- обезбедување на побарувањата од договорот,
- услови за раскинување на договорот,
- други прашања од значење за реализацијата на договорот, согласно закон.

НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

**Член 10**

Училишниот простор може да се дава за следната намена:

- За подготовка на топол оброк и ужинки во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 11**

Основното училиште ќе води сметка намената од Член 10 на оваа Одлука да не и пречи на наставата, на околниот простор, како и да бидат исполнети сите законски претпоставски во областа на заштитата на животната средина.

**Член 12**

Доколку училишниот простор се дава со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција на намената за која просторот се издава (училишни кујни, трпезарии и други помошни простории (магацини) за подготовка на топол оброк и ужинки), закупецот е должен да положи депозит за покривање на претпоставена штета што може да биде причинета при користење на просторот.

ВИСИНА НА ЗАКУПНИНА

**Член 13**

Висината на закупнинанта се утврдува во евра/м2, во денарска противвредност, согласно микролокацијата на објектот и други параметри за висината на закупнината согласно условите на пазарот на недвижности.

НАДЗОР

**Член 14**

Надзор над спроведување на оваа одлука врши Секторот за поддршка на градоначалникот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 4147/7**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за доделување на парични средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2013/2014 година

1. Се објавува Одлуката за доделување на парични средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебнат 2013/2014 година, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/6**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/02), а во врска со Глава II. Проекти за реализација, Точка 6. Награди за полуматуранти – првенци на генерација („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2013), Советот на Општина Карпош на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на парични средства - награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2013/2014 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на парични средства - награди во износ од по 9000,00 денари на десет ученици-полуматуранти од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош, кои се прогласени за првенци на генерација во своите училишта во учебната 2013/2014 година.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2014 година.

**Член 3**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-4147/8**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“-Скопје, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.06.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и членот 124, став 2 од Законот за Основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), Советот на Општина Карпош на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“-Скопје

**Член 1**

Се разрешуваат претставниците именувани од страна на Советот на Општина Карпош со Решение бр. 07-4090/5 од 13.05.2011 и Решение бр.07-2849/9 од 27.04.2012 година од членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“-Скопје и тоа:

- Ленче Брзовска и
- Снежана Ивановска

**Член 2**

За претставници на Општина Карпош во Училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“-Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош, се именуваат:

- Илија Рајковски и
- Игор Лазаровски

**Член 3**

Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Бр.07- 4147/9**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и имнеување членови во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Скопје, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/8**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013), Советот на Општина Карпош на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 , донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Скопје**

**Член 1**

Во Решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Скопје („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2013) се менува и гласи:

„За претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на јавната установа општинаска детска градинка „Орце Николов“-Скопје, на предлог на Советот на Град Скопје, се именува:

- Сања Козовски - Спенџарска“

**Член 2**

Се задолжува Комисијата за прописи да изготви пречистен текст на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Скопје.

**Член 3**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 4147/10** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**20.06.2014 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финсиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.06.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на шеснаесеттата, седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

# О Д Л У К А
## за доделување на финансиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа

**Член 1**

Се усвојува барањето на финансиска помош за реконструкција на опожарена куќа, 07-1121/5 од 05.02.2014 година, доставено од Драган Тодоровски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 60.000.00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма ЕО – општинска администрација, ставка 471 – социјални надоместоци, потставка 471990 – друга социјална помош.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-4147/11**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за доделување на финансиска помош за реконсктрукција на дел од опожарена куќа**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа, донесена на шеснаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 јуни 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-4300/10**
**23.06.2014 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на шеснаесеттата седница, одржана на 20 јуни 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа**

**Член 1**

Се усвојува барањето на финансиска помош за реконструкција на опожарена куќа, 09-2505/1 од 28.03.2014 година, доставено од Милорад Огненовски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма ЕО – општинска администрација, ставка 471 – социјални надоместоци, потставка 471990 – друга социјална помош.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-4147/12**
**20.06.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош,
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2014 година,
3. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.599 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
4. Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош,
5. Одлука за издавање под закуп на училишен простор во општинските основни училишта во Општина Карпош,
6. Одлука за доделување на парични средства-награди на 10 ученици-полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2013/2014 година,
7. Решение за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ООУ „Братство“,
8. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Скопје,
9. Одлука за доделување на финансиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа и
10. Одлука за доделување на финансиска помош за реконструкција на дел од опожарена куќа.

**Издавач:** **Општина Карпош**
**Уредува:** **Сектор за правни работи**
**Адреса:** **ул.„Радика“ бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж:** **25 примероци**